# Записник од годишното собрание на МНЗА
# (декември 2007 - декември 2008)

Годишното собрание на МНЗА (декември 2007-декември 2008) се одржа на 26.12.2008 год., во библиотеката на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

На Собранието присутни беа 16 члена меѓу кои и 3 нови члена Вулиќ Душица, Илиевски Владимир и Димкова Магдалена.

Собранието официјално започна во 13 часот, со најавата на претседателот на МНЗА, проф. д-р Владимир Трајковски, на предвидениот дневен ред, кој беше прифатен од присутните и со претставување на новите членови на Македонското научно здружение за аутизам.

Прва точка на дневниот ред беше **Усвојувањето на записникот од годишното собрание за 2007 година**. Присутните немаа забелешки за предложениот записник и истиот беше едногласно усвоен.

По однос на втората точка на дневниот ред **Извештај за работата на МНЗА во 2008 год.**, говореше д-р Трајковски. Во првиот дел, тој се осврна на неколку активности и тоа:

- Информации за исходот од испратените писма до Премиерот, Министерот за здравство, Министерот за образование и наука и Министерот за труд и социјална политика при што извести дека веќе на 9 јануари е повикан на средба во Министерството за труд и социјална политика а до Министерот за здравство е испратен елаборат изработен од Василка Галевска и Јасмина Ивановска.
- Учество на проф. д-р Владимир Трајковски на семинар во Ветерник: "Комбинирана попреченост-придружни состојби", Нови Сад, Србија.
- Учество на проф. д-р Владимир Трајковски и Јасмина Ивановска на Меѓународна конференција: „Улогата на дефектологот во институционалниот и вонинституционалниот третман на децата со посебни образовни потреби во Скопје кадетој и Јасмина Ивановска ги претставија своите теми.
- Учество на четири членови на МНЗА на меѓународна конференција: „Дождливиот човек меѓу нас. Современи форми на поддршка на лицата со аутизам, Краков, Полска. Тука збор зеде Живка Димитровска која прочита краток извештај за посетата во Полска кој потоа се планира да излезе во списанието "Дефектолошка теорија и практика".
- Одбрана на дипломски труд од Марија Аврамовска под наслов: „Социјална инклузија и правата на лицата со аутизам во Р. Македонија" кој бил високо оценет од страна на комисијата.

По првиот дел од излагањето на д-р Трајковски, по однос на извешајот за активностите на МНЗА за 2008 год., не се отвори дискусија и со тоа се продолжи кон подточката **Апликација и реализација на проекти.**

Новодојдениот член Владимир Илиевски информираше за проектот **“Common Voice Network Project”** кој е во тек. Тој информираше дека проектот е во реализација со партнери од Унгарија, Бугарија, Романија и Естонија. Главна цел е да се направи истражување на легислативата, да се зајакне антидискриминационата политика и да и се дадат еднакви можности на лицата со ментална ретардација и аутизам.

Исто така, д-р Трајковски ги брифираше присутните и за 1 нов труд за аутизмот објавени во 2008 во реномираното списание *Focus on Autism and Other*

*Developmental Disabilities* и за учествата на семинари и конгреси во земјата и странство, со што беше комплетирана втората точка од дневниот ред.

За третата точка на дневниот ред Финансиски извештај за 2008 година, збор зеде благајникот на МНЗА, Јасмина Ивановска, која информираше за состојбата на сметката на МНЗА на крајот на 2007 год. (3.207 МКД), вкупните приходи за 2008 (7213.50 МКД), вкупните расходи во 2008 (2.857 МКД) и моменталната состојба на сметката на МНЗА (7.563.50 МКД).

Потоа се премина кон четвртата точка, **Програма за работа на МНЗА во 2008 год**. Тука д-р Трајковски ги наведе следните планирани активности:

- Завршување на Common Network Project;
- Започнување на разговори со Министерството за труд и социјална политика за отворање на центар за аутизам;
- Одбрана на две магистерски тези од членови на МНЗА на последипломскиот студиум на Институтот за дефектологија;
- Објавување на најмалку еден труд за аутизмот во странско списание;
- Откривање на нови случаи со аутизам;
- Активности за формирање на национален регистер за аутизмот во РМ;
- Учество на стручњаци од МНЗА на меѓународни семинари, конгреси и конференции каде што се обработува аутизмот како проблем;
- Учество на МНЗА во проектите на Аутизам Европа и ЕАСПД (European Association of Service Providers for People with Disabilities), каде што е придружен член;
- Отпочнување на кампања за аутизмот преку електронските и печатените медиуми со цел подигнување на јавната свест.
- Разно

Под точката **разно,** Проф. д-р Драгослав Копачев ја нагласи потребата од поголема активност на стручните лица од практиката - дефектолозите во пишувањето на научни трудови. Потоа, проф. д-р Љупчо Ајдински извести дека преку Националното координативно тело за лица со инвалидност се испратени писма до Премиерот и надлежните миснистерства на кои сè уште чекаат одговор. Исто така, во оваа точка збор зеде и Живка Димитровска која информирше за нефункционирањето на одделот за аутизам при Заводот за слух говор и глас.

На ова Собрание повторно беше споменат интересот за поблиска соработка на МНЗА со "Друштвото за помош на деца со аутизам". Јасмина Ивановска информираше за моменталната состојба на Друштвото, а се напомена дека во иднина неопходна е средба на членовите на МНЗА со родителите од ова Друштво со цел за дефинирање на заеднички ставови и заедничко лобирање при поставување на барањата пред државните органи.

Љупчо Ајдински побара подготовка на извештај за отворените одделенија и групи за аутизам, а на крајот се заклучи дека неопходно е формирање на група која ќе работи на предлози за институционални решенија за децата и лицата со аутизам.

По исцрпувањето на точките од дневниот ред, проф. д-р Владимир Трајковски им се заблагодари на присутните и им посака среќни празници и успешна 2009 година.

Скопје,
26.12.2008 год.

Записникот го подготви
Јасмина Ивановска